# Press Release

## *OFFICE OF PUBLIC AFFAIRS*

***Bul. Ilinden b.b/1000 Skopje TEL: 3116 180;FAX 3118 431***

***To:*** ***Editor in Chief***
***Newsroom***

Со огромен шок и тага ја примив денес веста за смртта на Тоше Проески. Моето семејство и јас, како и целата Амбасада на САД изразуваме најдлабоко сочувство до семејството на Тоше, неговиот бенд и менаџер, неговите пријатели и македонскиот народ. Сите сте во нашите мисли и во нашите молитви.

Тоше допре безбројно многу животи додека беше со нас. Тој беше извонреден пример за тоа колку добрина еден човек може да даде. Неговата музика и радоста што им ја даваше на милиони, и широката инспирација што тој ја пружаше, особено на младите луѓе, продолжуваат да живеат како вечно наследство. Ни беше чест да работиме со Тоше на повеќе проекти, и се воодоошевувавме на енергијата што ја внесуваше во се што правеше. Во својот прекраток живот Тоше Проески внесе музика, радост, и грижа за другите колку за еден цел човечки живот. Тагуваме поради неговото заминување но, благодарни сме за се што постигна и за се што дари секому со кого се сретна.

Топлиот прием што секогаш го дочекуваше Тоше, дали тоа било на стадион исполнет со илјадници или од детенце кое му дарува играчка, беше одраз на љубовта на Тоше, кон животот, музиката, кон неговата публика и кон неговата земја.

Неговото семјество, но и Македонија, изгуби извонреден син.

###